**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**МЕЃУ**

**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**ВРХОВНАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ЧЕШКА**

***Преамбула***

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија

и

Врховната канцеларија за ревизија на Република Чешка

заедно „Страните",

*потврдувајќи ја подготвеноста за зајакнување и унапредување на соработката меѓу Страните во согласност со добрите практики и основните принципи на EUROSAI и INTOSAI; и*

*следејќи ги принципите за еднаквост и партнерство меѓу врховните ревизорски институции со цел да се зајакнат професионалните капацитети и да се промовира отчетна и ефективна надворешна ревизија;*

се согласија, за остварување на горенаведеното, да го склучат овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум").

## ЧЛЕН 1

### *Цел*

Целта на овој Меморандум е:

I. Создавање на формална основа за континуирана професионална и техничка соработка на заеднички активности за унапредување на висококвалитетно управување со јавните финансии, заснована на принципите и стандардите за професионализација на INTOSAI и EUROSAI каде членуваат двете Страни.

II. Обезбедување на придобивки за Страните во нивните напори за развивање на професионалните капацитети во области од заеднички интерес, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

   i. размена на искуства и добри практики и организација на активности за прашања од заеднички интерес преку консултации, семинари, тркалезни маси, конференции итн.,

   ii. професионални обуки за подобрување на знаењето и вештините на вработените и градење на капацитетите на институциите,

   iii. унапредување на дигитализацијата преку иновативни пристапи, алатки и софтверски решенија во ревизијата и во презентирањето на резултатите од ревизијата (употреба на ИТ во ревизијата, графичко дизајнирање, инфографици, интерактивни прегледи, анализа на податоци и др.),

   iv. размена на информации и стручни материјали поврзани со активностите на Страните, вклучително ревизорски стандарди и новини во методологијата за надворешна ревизија,

   v. спроведување на паралелни, координирани или заеднички ревизии на теми од заеднички интерес, ревизии на вредност за парите, ревизии на имплементацијата на Целите за одржлив развој на ОН, ИТ ревизии, употреба на вештачката интелигенција во ревизиите, ревизии во реално време, истражни (форензички) ревизии, превенција од корупција и измама, и

   vi. други взаемно прифатливи области и форми на соработка.

## ЧЛЕН 2

***Општи принципи на соработката***

I. Страните ја изразуваат својата намера за развивање на меѓусебната соработка со цел да се подобрат професионалните капацитети и да се развијат ревизорските вештини преку размена на искуства и практики во согласност со меѓународните ревизорски стандарди на INTOSAI (ISSAI).

II. Страните ќе бараат најсоодветни начини за зајакнување на соработката на најдобар можен начин. Партнерството меѓу Страните ќе ја одразува комплементарноста на нивните мандати, активности и програми.

III. Доколку се смета за соодветно, Страните ќе учествуваат или меѓусебно ќе се информираат за активности кои би можеле да бидат корисни за другата Страна.

IV. Страните периодично ќе се консултираат, ќе разменуваат информации и ќе истражуваат заеднички цели за развој на капацитетите со цел понатамошно унапредување на обемот и опфатот на соработката.

V. Сите активности содржани во овој Меморандум ќе бидат обврзувачки само доколку се меѓусебно договорени, и истовремено не се во спротивност со националните закони или внатрешните регулативи.

## ЧЛЕН 3

***Форма на соработката и комуникација меѓу Страните***

I. Страните се согласни придонесот од соработката да се користи ефикасно, ефективно и само за заеднички договорени цели.

II. Страните се согласни да ги направат сите неопходни подготовки за успешна имплементација на активностите т.е. да определат контакт лица кои ќе ги координираат активностите на Страната во спроведувањето на овој Меморандум, како и да издвојат време и неопходни ресурси.

III. Страните се согласни да одржуваат отворена и ефективна комуникација за сите прашања во врска со заедничките активности.

## ЧЛЕН 4

***Измени на Меморандумот***

Измени и дополнувања на овој Меморандум може да се направат со меѓусебен договор и согласност на Страните во писмена форма.

## ЧЛЕН 5

***Времетраење и прекин на Меморандумот***

Овој Меморандум стапува на сила на датумот на неговото потпишување и останува во сила сè додека не биде откажан од било која од Страните со писмено известување.

## ЧЛЕН 6

***Ослободување од одговорност***

Содржината на овој Меморандум не претставува меѓународна спогодба или договор и не создава никакви права и обврски регулирани со меѓународното право.

## ЧЛЕН 7

***Трошоци***

I. Доколку не е одлучено поинаку во писмена форма, секоја Страна ќе ги покрие трошоците во врска со посетите на делегациите и стручните лица.

II. Сите активности на соработка согласно овој Меморандум се подложни на достапност на средствата и ресурсите на Страните.

**ЧЛЕН 8**

***Стапување на сила***

I. Овој Меморандум стапува на сила на денот на неговото потпишување од Страните.

II. Меморандумот е потпишан во два (2) оригинални примероци, секој на македонски, чешки и англиски јазик, а сите текстови се подеднакво автентични. Во случај на несогласување во врска со одредбите од овој Меморандум, англиската верзија ќе биде обврзувачка.

Потпишан во Прага на 23 октомври 2023 година.

| | |
|---|---|
| **За Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија** | **За Врховната канцеларија за ревизија на Република Чешка** |
| ................................ | ................................ |
| **м-р Максим Ацевски** | **Милослав Кала** |
| **Главен државен ревизор** | **Претседател** |